

# КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**22-31 дек 2025 Билтен бр. 616**

# ОПШТИНА КАРПОШ ПОДГОТВЕНО ВЛЕГУВА ВО ПРЕДНОВОГОДИШНИОТ ПЕРИОД

**Во пресрет на претстојните празнични денови, во просториите на Општина Карпош, се одржа координативен состанок помеѓу полициските службеници од Полициска станица Карпош и претставниците на месните и урбаните заедници. На средбата присуствуваа градоначалникот Сотир Лукровски и Секретарот на општината Мирјана Пехчевска Поп Илиева, како и командирот на ПС Карпош Стефан Трасевски, помошник командирот Милорад Јосифовски, водичот на безбедносен реон Моника Саздова, началникот на ОКР Карпош Давор Дракуловски и помошник началникот Јулијана Станчова. Ова е долгогодишна пракса за одржување на вакви средби на кои се дискутира за активностите кои се преземаат преку целата година, како и за претстојниот празничен месец ,и како граѓаните да се справат со кражби, пријави за пиротехнички материјали и слично.**

**Првиот човек на Општината, Лукровски посочи дека системот на безбедност е главното нешто кое треба да функционира.**

**„Би сакал да потенцирам дека овие средби се од големо значење за превземањето на соодветни мерки во зајакнувањето на јавниот ред и мир во Карпош. Системот на безбедност мора да функционира доколку сакаме да имаме мирни празнични денови. Треба да соработуваме со нашите полициски службеници и секако да веруваме во нив“ – рече кратко Лукровски.**

**Началникот на ПС Карпош, Давор Дракуловски, додаде дека средбите со граѓаните во секоја урбана и месна заедница имаат за цел да обезбедат едукација и превенција од несакани ситуации.**

**„Би сакал да апелирам до граѓаните и до вас како претставници од УЗ и МЗ, дека е потребно пред се, да се врати довербата во Полицијата. Ние сме тие кои можеме да преземеме мерки и да дејствуваме согласно нашите ингеренции, па затоа бараме поддршка и соработка со сите Вас“ – истакна Дракуловски.**

**Општина Карпош апелира до сите граѓани, секој сомнителен случај да го пријавуваат во урбаните и месните заедници кои имаат обврска навремено да ги контактираат и да соработуваат со полициските службеници.**



# ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СТУДЕНТСКИОТ ДОМ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

**Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски, заедно со министерот за спорт Борко Ристовски и директорот на Државниот студентски дом-Скопје, присуствуваа на отворањето на реконструираното повеќенаменско игралиште-спортски центар во студентскиот дом „Гоце Делчев“, во населбата Тафталиџе .**

**„Извршена е комплетна санација и реконструкција на просторот за спорт и спортски активности, во состав на студентскиот дом „Гоце Делчев“ во општина Карпош. Студентите отсега ќе имаат на располагање за користење и рекреакција современо уредени игралишта за фудбал и за кошарка со полипропиленски под. Оваа реконструкција е изведена во две фази, а целата инвестиција на проектот изнесува околу 4 милиони денари“ – нагласи првиот човек на Општината, Сотир Лукровски.**

**Министерот за спорт Борко Ристовски, истакна дека станува збор за проект во рамките на програмата на Министерството за спорт за изградба и реконструкција на спортската инфраструктура низ земјата и дека ресорното министерство и во иднина, ќе вложува и ќе финансира во вакви проекти се со цел да се подобри постојната и да се изгради нова спортска инфраструктура со што значително ќе се подобрат условите за спортување.**

**„Заедно со градоначалникот Лукровски го реализиравме овој проект со што значително ќе се подобри инфраструктурата на ова спортско игралиште во состав на студентскиот дом „ Гоце Делчев“. Секако , приоритет за ползување на истото, ќе имаат студентите од овој студентски дом, но и сите карпошани. Затоа, јас како министер и ние како министерство и во иднина постојано ќе се заложуваме и ќе инвестираме во подобрување на условите за спортските активности кај нас, се разбира и во Општина Карпош“ – нагласи министерот Ристовски.**
**Директорот на Државниот студентски дом-Скопје, Александар Каровски, потенцираше дека овој простор од запуштено и со години нереновирано игралиште, прераснува во спортски мултимедијален комплекс , кој најмногу ќе го користат студентите од студентскиот дом „Гоце Делчев“.**

**„Морам да го нагласам моето големо задоволство, што ова игралиште, прераснува во ваков прекрасен повеќенаменски комплекс, и сум среќен што во соработка со министерот Ристовски и градоначалникот на Карпош Сотир Лукровски, го реализиравме овој проект“ – нагласи директорот Каровски.**

**Градоначалникот на Карпош, Сотир Лукровски и министерот за спорт Борко Ристовски, заеднички се согласија дека успешната соработка меѓу локалната самоуправа и ресорното министерство ќе продолжи и во иднина, со тоа што ќе се работи на подобрување на севкупната спортска инфраструктурна мрежа на територијата на Општината.**




## СО ПРИРОДНО ЗАСНОВАНИ РЕШЕНИЈА ДО ПОЧИСТ ВОЗДУХ И ПОКВАЛИТЕТНА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Во Општина Карпош се одржа едукативна обука посветена на природно засновани решенија (Nature-Based Solutions) за намалување на аерозагадувањето и ублажување на ефектите од климатските промени во урбаните заедници. На обуката учествуваа претставници на општинската администрација, локални јавни институции, основни училишта, бизнис секторот и граѓански организации. Во фокус на обуката беше ставена улогата на зелената инфраструктура (дрвореди, зелени заштитни појаси, урбано зеленило, зелени кровови и дождовни градини) во подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на ефектот на урбани топлински осторви и заштита на бидиверзитетот. Учесниците во обуката се запознаа со концептот на природно засновани решенија, добри практики, како и со можноста за имплементирање на истите во локалниот контекст на општината.**

**Инаку, обуката е дел од циклусот на едукативни настани кои се реализираат во општините Карпош, Ѓорче Петров и Кисела Вода, а кои ги реализира здружените на граѓани ФЛОРАЗОН со поддршка на Амбасадата на Канада во Белград преку Канадскиот фонд за локални иницијативи (CFLI).**

**Во рамки на денешниот настан, градоначалникот Сотир Лукровски потпиша Меморандум за соработка со претседателот на Здружението на граѓани Центар за еколошка демократија ФЛОРАЗОН Скопје, Кирил Ристовски, со кој се обврзаа за соработка на поле на унапредување на квалитетот на животната средина преку примена на интегрирани, инклузивни и одржливи политики и мерки. Општина Карпош и здружението ФЛОРАЗОН ќе соработуваат во наредните четири години во областа на животната средина и климатската отпорност, а соработката ќе се спроведува на начин што ќе ја инволвира јаноста, општинската администрација, образовните институции, како и бизнис секторот и граѓанските организациии.**

**Општина Карпош ја препознава важноста од воспоставување на соработка со граѓанскиот сектор, особено во делот на заштитата на животната средина и токму затоа остануваме посветени во унапредување на квалитетот на животот на граѓаните и здравата животна средина.**

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СОТИР ЛУКРОВСКИ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ГО ИЗГЛАСАА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ И ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

**Советот на Општина Карпош заседаваше по шести пат, при што советниците распраавaа и полноважно одлучуваа по околу триесетина точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Првенствено, мнозинска поддршка доби Предлог – Решението со кое беа именувани претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2026 година. Советот ја изгласа и Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Општинска изборна комисија – Карпош и избирачките одбори на подрачјето на општина Карпош, за извршената работа во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година.**

**Со истата динамика беа поддржани и 17 годишни Програми за работата на Секторите и Одделенијата од Општина Карпош за 2026 година. По детално разгледување на компонентите од кои е составен, беше изгласан и Буџетот на Општина Карпош за 2026 година. Имено, според образложението, Министерството за финансии ја извести локалната самоуправа дека максималниот износ на сопствените приходи на основниот буџет за општина Карпош за 2026 година ќе изнесува 608.436.000 денари. Притоа, средствата кои општината ќе ги добие како приход од ДДВ за 2026 година изнесуваат 28.978.000 денари, а средствата доделени од Владата на РСМ изнесуваат 615.020.279 денари. Планираниот пренесен вишок на приходи од претходната година изнесува 80.000.000 денари, така што висината на вкупниот износ на основниот Буџет на општина Карпош ќе изнесува 1.332.434.279 денари.**

Земајќи го сето ова во предвид, Консолидираниот Буџет на Општина Карпош за 2026 година ќе изнесува 2.159.676.279 денари и истиот ги содржи планираните извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите за 2026 година. Поточно, од трансфери и донации ќе се финансираат 1.478.975.279 денари или 69%, од даночни приходи 569.500.000 денари или 26%, додека пак од неданочни приходи ќе се финансираат 88.551.000 денари или 4% и од капитални приходи 22.650.000 денари или 1%. Планираните расходи на Општината се во поглед на развојна компонента на јавните услуги кои се надлежност на локалната самоуправа. Оттука, за изградба на инфраструктурни објекти во насока на подобрување на јавните услуги на граѓаните се обезбедени средства во износ од 790.930.279 денари или 36,60%. За стоки и услуги се планираат да се потрошат средства во износ од 399.997.000 денари или 18,51 %, каде што се трошат најголем дел од средствата за комунални услуги за греење, комуникација и транспорт. Социјалните бенифиции учествуваат со 7.800.000 денари или со 0,34%, субвенциите и трансферите со 118.978.000 денари или со 5,60%, дододка пак каматните плаќања со 1.000.000 денари или со 0,04% и отплата на главница за земени кредити со 6.400.000 денари или поточно со 0,28%.

Советниците ја поддржаа Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување, како и Просторна единица за заштита и спасување кои ќе функционираат во рамки на Општина Карпош. На предлог на градоначалникот Сотир Лукровски, Штабот и Единицата се формираат со цел спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, како и отстранувањето на последиците предизвикани од нив.

Советниците од Карпош го усвоија и Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата, наменета за сите десет општински основни училишта на подрачјето на Карпош за 2026 година. Според Правилникот, распределбата на блок дотацијата се спроведува по критериумот – основен трошок по ученик, а блок дотацијата за основното образование содржи две компоненти – Основна компонента и Варијабилна компонента. Средствата за блок дотациите ќе се насочуваат по општини од Буџетот на РСМ, преку Минстерството за образование и наука, месечно или по динамика во договор со Министерството за финансии.

Советот даде „зелено светло“ и за Одлуката за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта за 2026 година. Имено, со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за обезбедување финансиски средства за ангажирање на одделенски наставници, за реализирање на настава во продолжен престој за четвртоодделенците кои во претходните учебни години следеле настава во продолжен престој. Инаку, продолжен престој за основците од IV-одделение се организира за хомогени и хетерогени групи од најмалку 15 (петнаесет) ученици.

Со гласовите од советниците од Карпош беше изгласана и Одлуката за прифаќање на донација од КАМ ДОО Скопје во висина од 68.700 денари. Станува збор за донација на околу 300 новогодишни пакетчиња за дечињата од Карпош, кои доаѓаат од социјално загрозени семејства.



# ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ И МЕНТОРИ

**Градоначалникот Сотир Лукровски денеска оствари средба со основците и нивните ментори од основните училишта од Карпош, кои освоија први места на државните натпреварувања кои се одржаа во учебната 2024/2025 година. Во оваа пригода, првиот човек на општината им се заблагодари на учениците и менторите за нивното присуство и им посака уште многу вакви успеси на полето на образованието.**

**„Од мое лично име и од името на Општина Карпош ви честитам на вашите достигнувања. Би сакал да истакнам дека вие сте нашата иднина, а со вашето знаење нè направивте особено горди, како вашите родители, така и општината од која доаѓате. Убеден сум дека ќе изградиме добра релација и сакам да ве уверам дека вашиот труд секогаш ќе биде вреднуван. На вас останува само да учите, а локалната самоуправа ќе биде секогаш тука да ве поддржи и мотивира во вашите понатамошни успеси“ – посочи Лукровски.**

**За нивниот постигнат успех на државно ниво согласно Програмата на Одделението за образованите, градоначалникот Сотир Лукровски им врачи еднократни парични награди во висина од 7.500 денари на 11 ученици и 12 ментори.**



## ВАНДАЛИЗАМ НА ПЛОШТАД ДЕЛФИНА

**Општина Карпош ја известува јавноста дека во неделата(29.12.2025) , во раните утрински часови, извршен е вандалски чин во кој беше оштетена новогодишната елка која беше поставен на плоштадот Делфина во Влае.**

**Службите од ПС Карпош веднаш излегоа на увид и истите постапуваат согласно надлежностите во откривање на сторителите.**

**Новогодишната елка и останата декорација е дел од празничната магија која треба да ги збогати овие денови и затоа апелираме до сите граѓани за одговорно однесување, а секој што ќе примети недолични дејства на јавните површини во општината, веднаш да пријави до ПС Карпош.**

# КАРПОШ СО ПОДДРШКА ЗА ПРОЕКТОТ „ЕВРОПСКА ПРЕТСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА – СКОПЈЕ 2028“

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски го потпиша Меморандумот за соработка во рамки на проектот „Европска претстолнина на културата – Скопје 2028“ (ЕПК). По тој повод градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски денеска одржа координативна средба на која присуствуваа скопските градоначалници кои исто така ќе бидат инволвирани во овој процес. На состанокот, првиот човек на Град Скопје ги информираше градоначалниците на скопските општини за важноста на овој проект, при што ја побара нивната поддршка која ќе биде од исклучителна важност за реализација на овој проект.**

**За таа цел е оформено и посебно тело – ЕПК, кое ќе ги координира проектните задачи. Во оваа пригода градоначалникот Ѓорѓиевски побара од скопските градоначалници да назначат одговорно лице од својата локална самоуправа, коешто ќе биде во постојана комуникација со претставниците од ЕПК и ќе ги спроведува заедничките активности. Инаку, денешното потпишување на Меморандумот претставува значаен чекор за Општина Карпош, која станува активен чинител во најголемиот европски културен процес што некогаш се реализирал во нашиот град. Овој предизвик треба да донесе нова урбана, културна и социолошка трансформација на главниот град и на локалните заедници. Со овој чин, Општина Карпош ја потврдува својата визија за развој, отвореност и европска ориентација, ставајќи ја културата во срцето на локалниот и општествениот напредок.**



# ЛУКРОВСКИ ПОДЕЛИ 300 НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА НА МАЛИТЕ КАРПОШАНИ

**Со широки насмевки, весели и среќни лица, учениците од ООУ ,,Аврам Писевски" во рамки на своето училиште го пречекаа градоначалникот Сотир Лукровски, при што му посакаа топло добредојде. По повод Новогодишните и Божиќните празници, Лукровски им подели 260 пакетчиња на сите основци од оваа училишна установа. Во оваа пригода, првиот човек на Општината им посака среќа, здравје, мир и благосостојба на сите дечиња во новата година.**

**-Драги дечиња, денес би сакал да ви ги честитам Новогодишните и Божиќните празници, да бидете здрави и среќни, успешни во се што ќе посакате. Со овие пакетчиња, би сакале да внесеме малку радост во вашите домови и искрено ви посакувам убаво да ги одбележите овие празници. – рече Лукровски.**

**Во рамки на претстојните празници, градоначалникот Лукровски подели уште 60 новогодишните пакетчиња на дечињата од населбата Нерези.**



# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СОТИР ЛУКРОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ДЕЖУРНИТЕ ЕКИПИ ВО НОВОГОДИШНАТА НОЌ

**(31.12.2025) Во текот на новогодишната ноќ градоначалникот Сотир Лукровски ги посети дежурните служби од итната медицинска помош при поликлиника Букурешт, Противпожарната единица-Тафталиџе и Полициската станица Карпош, кои интервенираат на територија на општината и пошироко. При посетата на итната медицинска помош во поликлиниката Букурешт, раководителката на службата Анита Димовска и директорот на Здравствен дом Самир Исени го информираа градоначалникот Лукровски дека службите се подготвени да ги примат сите пациенти кои ќе имаат потреба од тоа. За евентуални пожари и слични проблеми, командирот на единицата од Противпожарната единица во Карпош, Миќо Савовски, истакна дека дежурните противпожарни служби се подготвени навремено да интервенираат и да помагаат на жителите од Карпош и околината. Дежурната екипа на противпожарната единица за оваа новогодишна ноќ ја сочинуваат Цане Пројковски, Зоран Рајчин и Жарко Андриески. Командирот на ПС Карпош Стефан Тасевски при средбата изјави дека полициските служби се подготвени за сите потребни интервенции во текот на новогодишната ноќ, а воедно, службите редовно ќе патролираат низ општината со цел одржување на јавниот ред и мир. Во полициската станица во Карпош вечерва беа присутни и сменоводителот Бурхан Сулис, помошник командирот Милорад Јосифовски, началникот на ОКР Карпош Давор Дракуловски и Елвир Љимај – началник на ЕВР Карпош. Во рамки на вечерашната посета, не изостана ниту општинската зграда каде градоначалникот Лукровски оствари средба со чуварот Трајче Стојановски при која се информираше за состојбата со безбедноста на објектот на локалната самоуправа. Градоначалникот Сотир Лукровски им се заблагодари на сите дежурни екипи за нивното несебично залагање и помош на граѓаните и им посака среќа во Новата година и мирна ноќ на сите.**

